# Отворена нестандардна изложба во Музејот на современа уметност

## Изложба со наслов „Леонардо или Микеланџело?“ на уметничката група ОПА (Денис Сарагиновски и Слободанка Стевческа) се отвори во четвртокот вечер во фоајето на Музејот на современата уметност, а ќе трае уште денеска



Посетителите уживаа во изложените објекти, богато подготвениот коктел и пријатната и опуштена атмосфера



Куратор на изложбата е Бојана Јанева-Шемова.

- Отворањето имаше одличен прием кај посетителите што имаа можност да уживаат во изложените објекти, богато подготвениот коктел и пријатната и опуштена атмосфера. Изложбата е реализирана со поддршка од Министерството за култура - велат авторите.

Според текстот од каталогот, во проектот „Леонардо или Микеланџело?“ авторите ги инкорпорираат нивните досегашни препознатливи компоненти на креирање дело: изненадувањето, пренесувањето на идејата преку игра, како и активно вклучување на публиката во реализирање на авторската мисла. Во фоајето на музејот се поставени централните објекти на делото - два апарати (фаќалки) наполнети со банкноти во апоени од 10 денари, од кои присутните имаат можност да извлечат добивка.

- Ако играта е директно предадена, задиинското истражување лежи во исценираното прикажување на надворешната маска на некои невидливи, но силни културни агенти во имањето/немањето моќ во креирање на одлуките во врска со уметноста, дали можат да ја преземат улогата или веќе ја имаат?
Околу кои одлуки се водат битки во сферата на толкувањето на уметноста? Кои се луѓето што ги водат тие битки? Овој мисловен ангажман произлегува од длабоката лична инвестиција на авторите, но бара и висок степен на активна партиципација од публиката, до степен на соучесници во креирањето на делото и неговото читање - се вели натаму во текстот од каталогот.

Стевческа и Сарагиновски студирале на ФЛУ, а работат на

## Други вести

- И уметниците се поделија околу буџетот
- Концерт во чест на Љубомир Бранѓолица
- Промоција на „Атом и Ева“ од Бранко Прља
- Ќе се интензивира македонско-турската соработка
- Зборник документи за Шарло

## Највести

Читани | Коментирани | Оценувани

1. И Македонија има свои добрососедски барања до Бугарија
2. „Валтер“ го брани СДСМ
3. Факти
4. Карпош е изолиран и треба да му се врати на Скопје
5. Почетокот и понатаму
6. Еден загинат, шестмина тешко повредени

## Коментари и дебати

Зоран Димитровски
**„Валтер“ го брани СДСМ**



Погледајте ги денес остатоците од наводниот „антифашистички отпор“. Погледајте го јадот на транзициската квазиелита: патетични солзи на кандидатот за градоначалник на Скопје, Јани Макрадули, за глаголивиот шмекерски благослов ...

Дарко Митревски
**Факти**



Господинот Адижес е еден од врвните американски авторитети од областа на менаџментот, автор на серија книги и стручни написи, светски експерт во сферата на економијата, професионалец што работел како консултант на неколку влади ...

Александар Русјаков
**Почетокот и понатаму**



Лудациине од „Нешнал географик“ цела недела одбројуваа до крајот на светот. Онака, знаете, три дена до крајот, два дена до крајот, ама сфатен онака по холивудски, сосе постојано употребување на именката апокалипса, иако таа ...

Печати | Прати ја страницата | Врати се назад

границите на ликовната, уметноста на новите медиуми и перформансот. Досега изложувале во Македонија, Естонија, Словенија, Хрватска, Франција, Германија, САД и во Холандија

Like 38 Tweet 0 СПОДЕЛИ НА ПИНГ

Веста е прочитана: 199 Оценка: 4.2

1 2 3 4 5

Оставете коментар

Име

Вашата е-пошта

Коментар

1000

Испрати

Правила за објавување на коментарите